

Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Северна Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата.

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

За потребите на одделот Високонапонски постројки, Група заштита и погонски мерења, бараме:

# ТЕХНИЧАР ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ТРАФО МЕНАЏМЕНТ во СКОПЈЕ (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Редовни инспекции, сервисирања/испитување на ЕТР, ДТР и примарна опрема во големи ТС, отстранување дефекти, замена на опрема, реконструкција на опрема во големи ТС до 110kV;
- Подготовка на соодветни извештаи;
- Редовна инспекција/сервис на ЕТР, демонтажа и монтажа на ЕТР по потреба и сите други активности поврзани со ЕТР
- Сервис на ДТР во работилница и на терен и сите активности поврзани со ДТР, координација со други Оддели и КЕЦ-ови,
- Редовна инспекција/ сервис/испитување/изготвување извештаи/протоколи, замена на примарна опрема во ќелија/поле, замена на останата примарна опрема,
- Редовно и термовизиско снимање на опрема во големи ТС и изготвување на извештаи
- Активности за одржување на 35 и 110kV водови и тоа: редовни инспекции на 110 и 35 kV водови и документирање на недостатоци, проверка и мерење на заземјување на челично-решеткасти и бетонски столбови и изготвување и документирање на протоколи од мерење, санација на недостатоци утврдени во инспекциски листи, лоцирање и поправка на дефекти, надзор и контрола на надворешни фирми при поправки на водови, како и дополнителна лична заштита со проверка на обезбедувањето

**Потребни компетенции**

- III-V степен, Електротехничко образование – Енергетика
- Работно искуство 3 години
- Возачка дозвола Б категорија
- Положен испит за управување со електро-енергетски постројки
- Организациски способности, комуникација, спроведување задачи во кратки рокови

Доколку сте заинтересирани за кариера во Електродистрибуција, на jobs.elektrodistribucija@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 31.03.2023.

**Напомена**: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://www.evn.mk/TopMenu/Career.aspx .

Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ensure обезбедува encourage охрабрува enable овозможува